**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
*ул. 1 бб, 1043 Петровец*
*тел:02/2562 239, 2562 240, факс: 2563 100*
*Трезорска сметка - 100-000000063095*
*Сметка на буџетски корисник - 753014109263013*

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 04-1131/21
29 04 2025 год.
ПЕТРОВЕЦ

Врз основа на член 45 од Законот за административна службеници, Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), градоначалникот на општина Петровец на 29.04.2025 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за неизбор на кандидат по јавен оглас

Во врска со објавениот оглас за вработување на административен службеник бр.155/2025 објавен на 12.04.2025 година во дневните весници „Нова Македонија" „Вечер" и „Коха", како и на веб-страната на Агенцијата за администрација за работно место УПР 01 01 В02 000 - Виш Соработник за комунални дејности и локален економски развој во одделение за комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР, НЕ СЕ врши избор поради немање на ниту еден уреден кандидат кој што ја поминал првата фаза на селекција т.е бидејќи нема кандидат што се квалификува за вработување.
Оваа Одлука се објавува на интернет -страница и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По барање на општина Петровец, Агенција за администрација објави Јавен оглас број 155/2025 на својата веб-страница како и во дневните весници „Нова Македонија" „Вечер" и „Коха" на 12.04.2025 година за вработување административен службеник од група 1 подгрупа1, еден извршител за работно место УПР 01 01 В02 000 - Виш Соработник за комунални дејности и локален економски развој во одделение за комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР.

Со решение за формирање Комисија за селекција за вработување по јавниот оглас на Агенцијата за администрација број 10-684/6 од 23.04.2025 година, формирана е Комисија што ја спроведе постапката за селекција за вработување службеници по јавен оглас со почеток во 09.00 часот во просториите на Агенцијата за админситрација спроведе административна селекција за огласот бр.155/2025, при што утврди дека за работното место број 1 се пријавиле вкупно 2 (два) кандидати, од кои во втората фаза не продолжи ниту еден пријавен кандидат, т.е. пријавените кандидати се неуредни.
Комисијата со Записник од извршена административна селекција административен службеник, заведен под број 10-684/6 од 23.04.2025 година констатира дека за горенаведеното работно место ниту еден уреден кандидат.
Врз основа на тоа, а согласно со член 45 од Законот за административни службеници, се одлучи во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатство за правно средство:** Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интерент - страница и на огласната табла на Агенцијата за администрацијата.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
ГРАДОНАЧАЛНИК
Борче Митевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ